Врз основа на член 30 став (2) од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ШУМИ

## I. Општи одредби

### Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на програмата за стопанисување со шуми (во натамошниот текст: програмата).

### Член 2

(1) Програмата се состои од текстуален дел, обрасци и карти.
(2) Текстуалниот дел на програмата и обрасците се во вид на книга со формат А4 со димензии 21,0 x 29,7 см, зелена боја, твдо укоричени корици, кон кои се приложуваат потребните карти за просторот опфатен со програмата.

## II. Текстуален дел на програмата

### Член 3

Текстуалниот дел на програмата ги содржи следните податоци: име на локалитетот, местоположба, граници, површина, поседовна состојба, опис на месторастењето, опис на шумските заедници, опис на насадите, дрвна маса, прираст, цели на идното стопанисување и планирање.

### Член 4

Името на локалитетот на шумата се утврдува врз основа на карактеристичен топоним на подрачјето на кој се наоѓа шумата или катастарска општина.

### Член 5

Местоположбата се опишува со координатно претставување и со лоцираност во однос на најблиското населено место, катастарска општина или место викано.

### Член 6

(1) Границата на шумата и шумското земјиште во државна сопственост се утврдува по природни или вештачки маркантни објекти (гребени, срт, река, пат, коти и тригонометри) така да таа претставува по правило сливно подрачје, односно гравитациона целина и ги опфаќа шумите, шумското земјиште и другите површини.
(2) Граничната линија на шумата и шумското земјиште во државна сопственост видно и трајно се обележува со трајни гранични знаци според важечките стандарди и тоа: со три паралелни, хоризонтални црти и по една точка од левата и десната страна над кои се испишува бројот на одделот.
(3) Границата на катастарската парцела на шумата и шумското земјиште во приватна сопственост, треба видно и трајно да биде обележана со катастарски ознаки од овластен геодет.

Член 7

(1) Површината на шума и шумско земјиште во државна сопственост претставува збир на една или повеќе површини во близина до границата на најблиската шумскостопанска единица.
(2) Површината на шума и шумско земјиште во приватна сопственост претставува збир на една или повеќе катастарски парцели кои влегуваат во нивниот состав.
(3) Површината може да опфаќа една катастарска парцела поголема од 10 ха или да претставува збир на една или повеќе катастарски парцели со вкупна површина над 10 ха кои влегуваат во состав на една катастарска општина.
(4) Семенски плантажи, ветрозаштини појаси на површина поголема од два ари, шумски култури и плантажи со површина поголема од два ари се прикажуваат со нивна површина.
(5) Површините се изразуваат во хектари, со две децимални места и се сравнуваат со површините од катастарот на недвижности.

Член 8

Површините под шуми и шумско земјиште се прикажуваат за секој корисник/сопственик одделно, а се земаат од катастарот на недвижности.

Член 9

Описот на месторастењето во својот состав содржи податоци за надморската височина (најниската и највисоката точка), релјеф, изложеност, наклон на теренот, тип на почвата и други податоци карактеритични за обласtа.

Член 10

Шумските заедници (фитоценозите) се опишуваат по фитоценолошка припадност, прикажани по асоцијации и субасоцијации, по катови на дрвја, грмушки и приземна вегетација.

Член 11

(1) Описот на насадите содржи податоци за: формата на одгледување, формата на стопанисување (по површина, дрвна маса и прираст), составот, намената, склопот, обрастот, висината, бонитетот, возраста, загрозеноста на шумите од штетни влијанија, здравствената состојба, квалитетот на дрвјата, очуваноста и податоци за состојбата и видот на обновата.

(2) Според формата на одгледување насадите се делат на високостеблени (од генеративно потекло) и нискостеблени (од вегетативно потекло).

(3) Според формата на стопанисување насадите се делат на едновозрасни и разновозрасни.

(4) Според составот насадите може да бидат чисти (ако главниот дрвен вид е застапен над 90% од вкупниот број на дрвја во насадот), и мешани насади (ако главниот дрвен вид е застапен до 90%).

(5) Според очуваноста насадите се делат на очувани и деградирани.

Член 12

(1) Дрвната маса се утврдува во метри кубни според методите на пробни површини, прирасно приходни таблици или со процена, а во зависност од стопанското значење, формата, составот и состојбата на насадот.

(2) Дрвната маса се утврдува одделно за секој вид на дрво и се искажува по оддели, пододдели или на ниво на катастарска парцела.

Член 13

(1) Прирастот по дрвна маса се утврдува како тековен и среден во метри кубни според методите на пробни површини, прирасно приходни таблици или со процена.

(2) Прирастот се утврдува одделно за секој вид дрво и се искажува по оддели, пододдели или на ниво на катастарска парцела.

Член 14

(1) Врз основа на утврдената состојба на шумите се определуваат следните цели:

- биолошки, кои треба да обезбедат траен прираст на насадите,
- производни, кои треба да ги утврдат можностите за производство на шумски производи и
- општокорисни, со кои треба да се обезбеди трајно одржување и подобрување на заштитните и останатите функции на шумата.

(2) Целите се утврдуваат според начелата на одржливо стопанисување, а во согласност со економските можности.

Член 15

(1) Во случај кога со насадите се стопанисува на различни начини (формата на одгледување, начинот на сечата, големина на опходњата и опходњицата, видот на дрвјата, намената и целта на стопанисување) тогаш се формираат стопански класи и тоа:

- Стопанска класа “А” Чисти високостеблени букови насади,
- Стопанска класа “Б” Мешани високостеблени насади од бука и други видови дрвја,
- Стопанска класа “В” Чисти високостеблени дабови насади,
- Стопанска класа “Г” Мешани високостеблени и насади од даб и други видови дрвја,
- Стопанска класа “Д” Чисти високостеблени насади од четинари,
- Стопанска класа “Е” Мешани високостеблени насади од четинари и лисјари,
- Стопанска класа “И” Чисти високостеблени насади од други лисјари,
- Стопанска класа “Ј” Вештачко подигнати насади,
- Стопанска класа “К” Култури,
- Стопанска класа “Н” Нискостеблени букови насади,
- Стопанска класа “М” Нискостеблени горунови насади,
- Стопанска класа “Л” Останати нискостеблени дабови насади и други лисјари,
- Стопанска класа “Ш” Шикари,
- Стопанска класа “Ц” Шибјаци,
- Стопанска класа “П” Плантажи и
- Стопанска класа “О” Необраснати површини.

(2) Стопанските класи може да имаат и поткласи.

Член 16

Планирањето се состои од:

- План за користење на шумите,
- План за одгледување на шумите,
- План за заштита на шумите и
- План за изградба и одржување на шумските сообраќајници и други инфраструктурни објекти.

Член 17

(1) Планот за користење на шумите содржи: план за главни сечи, план за проредни сечи и план за користење на други шумски производи.

(2) Во планот за користење на шумите, приносот – етатот на дрвната маса се утврдува по една од научно признаените методи, а се прикажува по дрвни видови.

Член 18

Планот за одгледување на шумите се изработува по оддели/пододдели или катастарски парцели и ги содржи следните одгледувачки мерки:
- одржување на шумите (нега во подмладокот, чистење на гранките и окопување),
- обновување на шумите (припрема на почвата за пошумување, сеење, подсејување и пополнување со садници на слабо обновените површини, садење и пополнување во култури, пошумување на сечишта и пошумување на шумските голини),
- реконструкција на шумите од понизок во повисок облик, замена на дрвни видови, конверзија на деградираните шуми и шикари, мелиорација на деградираните шуми и шикари и
- подигнување на нови шуми (плантажи, интензивни шумски насади и пошумување на голини).

Член 19

Планот за заштита на шумите содржи:
- превентивни мерки за заштита на шумите од пожари по степен на загрозеност на шумите од пожари,
- воведување на шумски ред со посебен акцент на шумите со повисок степен на загрозеност од пожари,
- заштита од растителни болести шумски штетници,
- биолошки мерки за заштита на земјиштето од ерозија во шуми и во непосредна близина на шумите,
- определувње на шуми во кои не се дозволува напасување на добитокот и - следење на здравствената состојба на шумите.

Член 20

(1) Со планот за изградба и одржување на шумските сообраќајници и други инфраструктурни објекти се определува изградбата на нови и одржувањето на постојните шумски сообраќајници и други инфраструктурни објекти кои условуваат извршување на планираните работи при стопанисувањето со шумите.

(2) Со планот од ставот (1) на овој член се определува:
- видот, бројот, должината во километри, широчината во метри и трошоците за изградба на новите шумски сообраќајници,
- видот, должината во километри и трошоците за одржувани на постојните шумски сообраќајници,
- видот, бројот, градежната површина и трошоците за изградба на нови градежни објекти (управни згради, манипулативни, работнички и стопански) и
- видот, бројот и трошоците за одржување на постојните градежни објекти.

(3) Со планот од ставот (1) на овој член се утврдува и редослед на изградба односно одржување, според приоритетот и рентабилност на одржувањата.

(4) Во описниот дел на планот од ставот (1) на овој член за изградба и одржување на шумските сообраќајници и други градежни објекти се дава образложение за планираната изградба на нови шумски сообраќајници и други градежни објекти, како и одржување на постојните патишта, со вкупни просечни годишни трошоци и отвореност на шумите и густина на мрежата на сообраќајниците во однос на состојбата во време на изработката.

## III. Обрасци

### Член 21

Програмата ги содржи следните обрасци:

- Образец I Преглед на површините,
- Образец II Опис на месторастењето и насадите (разновозрасни),
- Образец IIa Опис на месторастењето и насадите (едновозрасни),
- Образец III План за користење и евиденција на разновозрасните насади,
- Образец IIIa План за користење и евиденција на едновозрасните насади,
- Образец IV План за користење на други шумски производи,
- Образец V План за прореди и евиденција на извршените прореди,
- Образец VI План за одгледување на шумите и евиденција на извршените работи за одгледување,
- Образец VII Преглед на изградени сообраќајници,
- Образец VIII План на проектирани шумски сообраќајници,
- Образец IX Степен на загрозеност на шумите од пожар и - Образец X Шумска хроника.

## IV. Карти

### Член 22

Како прилог на Програмата се изработуваат карти во соодветен размер, и тоа:

- основна карта во размер 1:10 000,
- геолошка и педолошка во размер 1:20 000, - фитоценолошка и стопански класи 1:20 000,
- карта на насади 1:20 000 и
- карта на предвидени сечи, граници на парцели, патишта 1:20 000.

### Член 23

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6267/5
3 јули 2018 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Николовски**, с.р.

**ПРЕГЛЕД НА ПОВРШИНИТЕ**

Образец – I
Формат 21x29,7

| Државна сопственост | | | | | | | | | Приватна Сопственост | | Се вкупно (6+9+10+11) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оз.на местото | | Шуми и шумско земјиште - ха | | | | Останато земјиште - ха | | | | | | |
| Оддел | Пододдел | Шуми | Шумски култури | Шумско земјиште | Вкупно | Неплодно | За други намени | Вкупно | Шума | Необрасната | | |
| | | | | | | | | | ха | ха | ха | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| | | | | | | | | | | | | |

**ОПИС НА МЕСТОРАСТЕЊЕТО И НАСАДИТЕ (разновозрасни)**

лева страна

| Ознака на местото | | | Опис на месторастењето | ОПИС | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оддел | Пододдел | Површина | Тип на месторастење, надморска височина, изложеност, наклон, рељеф, геолошка подлога, тип и главни својства на земјиштето | Фитоценоза, форма на одгледување, здравствена состојба, очуваност и вид на подмладокот | Вид на дрво | Состав | Обраст | Бонитет | Класа по дебелина |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | | | | | | | | | |

Образец - II
десна страна
Формат 21x29,7

| НА НАСАДОТ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| На еден хектар има | | | | | | | | | | Дрвна маса на цела површина м3 | | | | | Вид на дрво | Тек.прираст | | Квалификац. на дрвото | Класа на возраст |
| Број на стебла | | | | Вкупно | Дрвна маса м3 | | | | Вкупно | вид на дрво | | | | Вкупно | | по 1 ха | на цела површина | | |
| вид на дрво | | | | | вид на дрво | | | | | | | | | | | м3 | | | |
| 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**ОПИС НА МЕСТОРАСТЕЊЕТО И НАСАДИТЕ (едновозрасни)**

лева страна

| Ознака на местото | | | Опис на месторастењето | ОПИС | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оддел | Пододдел | Површина | Тип на месторастење, надморска височина, изложеност, наклон, рељеф, геолошка подлога, тип и главни својства на земјиштето | Фитоценоза, форма на одгледување, здравствена состојба, очуваност и вид на подмладокот | Вид на дрво | Состав | Обраст | Класа на возраст |
| | | | | | | | | год |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| | | | | | | | | |

Образец - IIa
десна страна
Формат 21x29,7

| НА НАСАДОТ | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| среден дијаметар | средна височина | Бонитет | по 1 ха | | Површина | Дрвна маса на цела површина | Тековен прираст | | | Просечен прираст | | Квалификац. на дрвото | Стопанска класа |
| | | | број на стебла | дрвна маса | | | во проценти | по 1 ха | На цела површина | по 1 ха | на цела површина | | |
| см | м | | бр. | м3 | ха | м3 | % | м3 | | м3 | | | |
| 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| | | | | | | | | | | | | | |

**ПЛАН ЗА КОРИСТЕЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА РАЗНОВОЗРАСНИТЕ НАСАДИ**

лева страна

| Ознака на местото | | | Класа по дебелина | Дрвна маса на 1ха (Вк.) | Дрвна маса на цела површина – м3 | | | | | Обем на сеча на 1ха (Вк.) | Обем на сеча на цела површина – м3 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | вид на дрво | | | | | | вид на дрво | | | | |
| Оддел | Пододдел | Површина | | | | | | | Вкупно | | | | | | Вкупно |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| | | | | | | | | | | | | | | | |

Образец - III

Формат 21х29,7

десна страна

| Евиденција на извршените сечи – м3 | | | | | Евиденција по сортименти – м3 | | | | | Година на користење |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| вид на дрво | | | | Вкупно | Техничко за бичење | Рудничко дрво | Целулозно дрво | Огревно дрво | Вкупно | |
| 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 |
| | | | | | | | | | | |

**ПЛАН ЗА КОРИСТЕЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА ЕДНОВОЗРАСНИТЕ НАСАДИ**

лева страна

| Ознака на местото | | | Вид на дрво | Дрвна маса | | Класа на возраст | Вид на приносот | Обем на сечите - м3 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оддел | Пододдел | Површина | | на 1 ха | на цела површина | | | На површина ха | Дрвна маса м3 | Прираст м3 | Вкупно м3 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| | | | | | | | | | | | |

Образец - IIIa

Формат 21х29,7

десна страна

| Евиденција на извршените сечи | | | Евиденција по сортименти – м3 | | | | | Стопанска класа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година на користење | На површина ха | Дрвна маса м3 | Техничко за бичење | Рудничко дрво | Целулозно дрво | Огревно дрво | Вкупно | |
| 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| | | | | | | | | |

**ПЛАН ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДРУГИ ШУМСКИ ПРОИЗВОДИ**

Образец - IV

Формат 21х29,7

| Ознака на местото | | | План за користење | | | | Извршено во година | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оддел | Пододдел | Површина | На површина ха | Вид на производ | Един. мера | Количина | | | | | | | | | | | Вкупно |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**ПЛАН ЗА ПРОРЕДИ И ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗВРШЕНИТЕ ПРОРЕДИ**

лева страна

| Ознака на местото | | | Стопанска класа | Вид на дрво | Дрвна маса | | Прираст | За сеча | | Интензитет | Број на наврати | Работна површина | Начин и метод на работа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оддел | Пододдел | Површина | | | на 1 ха | на цела површина | | на 1 ха | на цела површина | | | | |
| | | | | | | м3 | м3 | м3 | м3 | | | ха | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| | | | | | | | | | | | | | |

Образец - V

десна страна Формат 21х29,7

| Евиденција на извршените прореди | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година на користење | На површина ха | Дрвна маса м3 | Вид на приносот | Остварен принос | | | | |
| | | | | Техничко за пилење | Рудничко дрво | Целулозно дрво | Огревно дрво | Вкупно |
| | | | | м3 | | | | |
| 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| | | | | | | | | |

**ПЛАН ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ШУМИТЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗВРШЕНИТЕ РАБОТИ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ**

лева страна

| Ознака на местото | | | Обем на работи за одгледување на шумите | | | | | | Евиденција на вкупно извршени работи | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одел | Пододел | Површина | Број на наврати | Вид на работа | На површина | Потребен материјал | | | Извршено во година (од-до) | Вкупно потрошен материјал | | |
| | | | | | | вид на дрво | садници бр. | семе кг. | | на површина ха | Садници бр. | Семе кг. |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| | | | | | | | | | | | | |

Образец - VI

десна страна Формат 21х29,7

| Евиденција на извршените работи по година | | | | | | | | | | Биланс | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | Повеќе | Помалку |
| ха | ха | ха | ха | ха | ха | ха | ха | ха | ха | ха | ха |
| 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 |
| | | | | | | | | | | | |

**ПРЕГЛЕД НА ИЗГРАДЕНИ СООБРАЌАЈНИЦИ**

Образец - VII

Формат 21х29,7

| Одел | Пододел | По стандард | | Планум на планот | | | Горен слој | | | Година на градба | Трошоци за одржување | Сопственик на патот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Ознака на патот | Категорија на патот | должина | ширина | површина | асфалт | макадам | земјен | | | |
| | | | | км | м | ха | км | км | км | год. | ден. | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| | | | | | | | | | | | | |

**ПЛАН НА ПРОЕКТИРАНИ ШУМСКИ СООБРАЌАЈНИЦИ**

Образец - VIII

Формат 21х29,7

| Одел | Пододел | По стандард | | Проектиран пат | | | Вонреден етат | | | Плански трошоци за градба | Извршено во година | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Ознака на патот | Категорија на патот | должина | ширина | површина | Вид на приносот | Вид на дрво | Дрвна маса | | | | | | | Вкупно | | |
| | | | | км | м | ха | | | м3 | ден. | км | км | км | км | км | км | м3 | ден. |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**СТЕПЕН НА ЗАГРОЗЕНОСТ НА ШУМИТЕ ОД ПОЖАР**

Образец - IX
Формат 21x29,7

| Ознака на местото | | | Од тоа | | Опис на загрозеност од пожар и мерки за спречување на пожарот | Дрвна маса | | | Степен на загрозеност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оддел | Пододдел | Површина | Обраснато | Необраснато | | вид на дрво | на цела површина м3 | вредност на шумата ден. | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | | | | | | | | | |

**ШУМСКА ХРОНИКА**

Образец - X
Формат 21x29,7

| Датум на заведување | Опис на промената (промена во поседовната состојба, односно шумските површини, поголеми штети во шума од елементарни непогоди, штетни инсекти, растителни болести и бесправни сечи, позначајни промени на пазарот на дрвото, појава на рани и доцни мразеви, почеток на вегетацискиот период, листањето на шумите, цутењето, опрашувањето, плодоносењето и други податоци во врска со стопанисувањето на шумите) |
|---|---|
| 1 | 2 |
| | |